ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 11-к од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19), согласно Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување во Територијална противпожарна едница Гевгелија број 01-1790/1 од 30.11.2018 година, 01-1965/1 од 30.12.2020 година и 01-1833/1 од 29.8.2022 година и Правилникот за постапката за управување со ефектот на вработените во ТППЕ Гевгелија, следење, оценување и предлагање на мерки за подобрување, бр.01-2505/1 од 16.12.2022 година, и одредбите од Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на општина Гевгелија, бр.01-2216/1 од 3.10.2016 година и Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија, бр.01-730/1 од 24.4.2018, 01-1576/1 од 26.10.2018, 01-187/1 од 24.1.2019, 01-485/1 од 25.2.2020, 01-1013/1 од 23.6.2020, 01-1622/1 од 28.10.2020, 01-250/1 од 2.2.2021, 01-856/1 од 26.5.2021 и 01-1799/1 од 17.12.2021, 01-2383/1 од 28.11.2022 и 01-2493/1 од 14.12.2022 година, Општина Гевгелија објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БР. 02/2023**
**за унапредување на 1 (едно) овластено службено лице од областа на безбедноста во Територијална противпожарна единица на Општина Гевгелија**

Општина Гевгелија објавува Интерен оглас за унапредување на 1 (едно) овластено службено лице од областа на безбедноста за следното работно место:

1. **ПОЖ 02 10 Б04 000 – Командир на одделение во ТППЕ Гевгелија – 1 (еден) извршител.**

**Општи услови:**

-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место,
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

-ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование,
-најмалку три години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж.

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**

-учење и развој,
-комуникација,
-остварување резултати,
-работење со други/тимска работа,
-стратешка свест,
-ориентираност кон засегнати страни и
-раководење.

**Други посебни услови:**

-положен возачки испит „Ц“ или „Д“ категорија,
-положен стручен испит за раководител на акција за гасење пожар и спасување на луѓе и имот (во рок од 3 месеци од распоредувањето на работното место).
-сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука.

ГЕВГЕЛИЈА



**Распоред на работното време:**

-дневно работно време – работа во две смени, од 07:00 – 19:00 часот и од 19:00 – 07:00 часот, 40 часовно - неделно работно време,

-паричен нето износ на плата 26.736,00 денари.

---

**Професионалниот пожарникар треба да ги исполнува и следните услови:**

-работното место на кое се унапредува е слободно,

-во целост ги исполнува условите утврдени во актот на систематизација на работни места за работно место на кое се врши унапредувањето,

-ги исполнува работните компетенции предвидени за работното место на кое се унапредува,

-да е оценет со оцена „А“ или „Б“ на оценувањето во годината пред унапредувањето,

-да е распореден на ниво непосредно пониско од нивото на кое се унапредува,

-да поминал најмалку две години од неговото последно унапредување и

-во последната година не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот.

На интерниот оглас може да се јават професионални пожарникари вработени Територијална противпожарна единица во Општина Гевгелија, кои ги исполнуваат општите и посебните услови и работни компетенции за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво согласно Законот за пожарникарството, Законот за работните односи и во Правилникот за систематизација на работните места во Општина Гевгелија.

Заинтересираните професионални пожарникари поднесуваат пополнета пријава (која е достапна на веб страната на Општина Гевгелија, www.gevgelija.gov.mk) и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Гевгелија до Одделението за управување со човечки ресурси со назнака „За интерен оглас“ како и на електронска адреса vesna_jh@yahoo.com. Кон пријавата кандидатите можат да приложат и потврди за успешно реализирани обуки.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот. Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе посебно формирана Комисија за селекција за унапредување. Кандидатите ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја фаза од постапката и тоа:

-фаза 1- административна селекција за спроведување најдоцна 15 дена од денот на истекот на рокот за пријавување и

-фаза 2- спроведување на интервју во рок од 5 дена од завршувањето на фаза-1.

*Напомена:* кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата ќе се дисквалификува од натамошна постапка.

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов***

Бр.04-________
______.2023 година
Гевгелија

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk